Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 12, 27 октомври 2008 година

октомври 2008
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *селекција и семепроизводство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *ентомологија* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *градинарство* на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа *здравствен менаџмент* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област *здравствено осигурување и квалитет на здравственото осигурување* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 24

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметот Менаџмент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник по предметите Трудово право, Јавна администрација и други сродни дисциплини на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент по група предмети од областа *информатички технологии* на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 33

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 0210-67/56 од 15.9.2008 година на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот *Менаџмент* во состав:

1. д-р Трајче Мицески, редовен професор
2. д-р Милан Илиески, вонреден професор
3. д-р Круме Николовски, доцент.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Врз основа на член 63 и 64 од Законот за високото образование и член 41 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип распиша Конкурс за избор на еден наставник во сите звања по предметот Менаџмент, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 29.8.2008 година. На Конкурсот се пријавија тројца кандидати: д-р Маргарита Матлиевска, д-р Еленица Софијанова и д-р Маријан Стевановски.

Кандидатите за избор во наставно-научно звање на Факултетот треба да имаат докторат на науки во научното подрачје за кое се врши изборот, како и да ги исполнуваат останатите услови наведени во членот 125 од Законот за високото образование.

Потребни документи за избор на кандидатите:

– пријава;
– диплома за одбранет докторски труд (оригинал и три копии заверени на нотар; странските дипломи да се нострифицирани);
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– список од објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал, доколку ги има);
– уверение за државјанство.

Пријавените кандидати ги приложија следниве документи: кратка биографија со список на трудови, потврда за одбранета докторска дисертација и стекнување звање доктор на менаџмент, уверение за државјанство и други потврди/дипломи/сертификати.

Врз основа на поднесената пријава, како и врз приложените документи, Рецензентската комисија го константира следново.

**Кандидат: д-р Маргарита Матлиевска**

***Биографски податоци***

Д-р Маргарита Матлиевска е родена на 22 мај 1965 година во Битола. Основно училиште завршува во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ во Битола, а средно образование во Гимназија „Јосип Броз Тито“.

Се запишува на Шумарскиот факултет во Скопје, каде што дипломира во јануари 1991 година. Истата година се запишува на постдипломски студии - магистратура од областа одгледување на шумските видови дрвја. Испитите ги положува со просечна оценка 9,00, а по одбраната на магистерскиот труд на тема „*Масовна и индивидуална*

*селекција на иглолисните видови на Пелистер*", на 12 јуни 1996 година, се стекнува со научен степен - *магистер на биотехнички науки од областа на шумарството.*

Докторира на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје, на 14 јули 2006 година, на тема „*Управување со процесот на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија*", со што се стекнува со научен степен *доктор на менаџмент.*

Во учебната 2006 - 2007 година е ангажирана на Факултетот за јавна администрација и менаџмент на информациски системи во Битола, како наставник по предметот Одржлив развој и систем на управување на животната средина.

Во учебните 2006/2007 и 2007/2008 година е ангажирана на постдипломските студии на Факултетот за бизнис економија во Скопје, како наставник по предметот Еколошка етика.

***Научна и стручна активност***

Научната и стручната активност на кандидатката д-р Маргарита Матлиевска ги опфаќа следниве научни и стручни трудови:

- „*Масовна и индивидуална селекција на иглолисните видови на Пелистер*" (магистерски труд, 1996), Шумарски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје.
- „*Одржливиот развој и потребата од стратешки одговор*", објавен во „Истражувачки проект за обезбедување на аналитичка и прогностичка граѓа во функција на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија", Министерство за животна средина и просторно планирање и Институт за социолошко и политичко-правни истражувања, Скопје, 2003 (примерок во прилог).
- „*Обезбедувањето одржливост на развојот во Република Македонија и нејзината интеграција во Европската унија*", објавен во „Истражувачки проект за обезбедување на аналитичка и прогностичка граѓа во функција на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија", 2003 г.
- „*Клучни чекори во започнувањето или подобрувањето на стратегиите за одржлив развој*", објавен во „Истражувачки проект за обезбедување на аналитичка и прогностичка граѓа во функција на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија", 2003 г.
- „*Базични правила и принципи за стратешки менаџмент*", дел од Заклучниот осврт објавен во „Истражувачки проект за обезбедување аналитичка и прогностичка граѓа во функција на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија", 2003 г.
- „*Управување со процесот на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија*", докторска дисертација, 2006 г.
- „*Модел на процедура за зајакнување на соработката помеѓу органите на државната управа и локалната самоуправа*" (предаден за објавување во Зборникот на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања).
- „*Модел на процедура за изработка на комплексни документи на органите на управата*" (предаден за објавување во Зборникот на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања).
- „*Одржливиот развој и Европската унија*" (презентиран на Третиот конгрес на еколозите во Македонија со меѓународно учество, 6-9 октомври 2007 година, Струга, РМ)
- „*Основата за одржливо управување со шумите во законите и стратешките развојни документи во РМ*", презентиран и отпечатен во Зборникот на Меѓународниот симпозиум „60 години од постоењето и развојот на Шумарскиот факултет во Скопје и 35 години постоење на секторот за дрвна технологија", одржан од 24 до 26 октомври 2007 г., Охрид, РМ (примерок во прилог).

- „*Концептот на одржливиот развој во политиката на Европската унија*”, презентиран и отпечатен во Зборникот на Меѓународната конференција за одржливо управување со отпадот, 4-5 октомври 2007 г., Скопје, РМ (примерок во прилог).
- „*Нормативни претпоставки за одржлив развој во РМ*”, презентиран и отпечатен во Зборникот од Меѓународна конференција за одржливо управување со отпадот, 4-5 октомври 2007 г., Скопје, РМ (примерок во прилог).

***Професионални активности***

Доц. д-р Маргарита Матлиевска е вработена во Министерството за животна средина и просторно планирање од 1997 година. Во моментов е раководител на Одделение за меѓународни договори. Во текот на нејзиното работење во Министерството за животна средина и просторно планирање извршувала различни работни задачи:

- национален Focal point при Комисијата за одржлив развој на ОН (UN CSD); 2004 г. – продолжува;
- координатор на активностите за изработка на националните извештаи на РМ за 9-тата и 10-тата сесија на Комисијата за одржлив развој на ООН (CSD 9 и CSD 10) 2000, 2001г.;
- координатор на активностите за изработка на „Национална проценка за одржлив развој на Република Македонија” за Светскиот самит за одржлив развој (10-та сесија на Комисијата за одржлив развој на ОН, WSSD, Јоханесбург, 2002 г.). Националната проценка беше усвоена од Владата на РМ во 2002 година; 2001-2002 г.;
- субкоординатор на проектот „Истражувачки проект за обезбедување на аналитичка и прогностичка граѓа во функција на изработка на Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија“, Скопје, 2003 г.;
- Focal point на МЖСПП и член на Работната група во проектот: „Надминување на социо-економските диспаритети помеѓу општините”, 2003 г.;
- член на Поткомитетот за приближување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, во работната група за животна средина, подгрупа - Заштита на природата, 2003 г.;
- член на потесната Работна група за изработка на Законот за заштита на природата; 2003-2004 г.
- одговорно лице и учесник во подготвувањето на одговорите кон Прашалникот на Европската комисија, дел „Животна средина”, 2004-2005 г.;
- вклучена во изработката на Вториот национален еколошки акционен план, 2005 г.;
- член на Управен комитет на проектот Национална стратегија за одржлив развој на шумарството, 2005 г.;
- координатор за изготвување на националните извештаи на РМ за 12-та, 13-та и 14-та сесија на Комисијата за одржлив развој на ОН; 2004, 2005 и 2006 г.

**Кандидат: д-р Еленица Софијанова**

***Биографски податоци***

Д-р Еленица Софијанова е родена на 19 јули 1965 година во Велес. Основно и средно образование завршува во Велес.

Во 1985 година дипломира на Педагошката академија „Св. Климент Охридски“ - Скопје, а во 1989 година дипломира на Филозофскиот факултет, група Педагогија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Во 2005 година магистрира во областа на менаџментот на човечки односи на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, а во 2007 година на истиот Институт ја одбранува докторска дисертација од областа на менаџментот и се стекнува со титулата *доктор на менаџмент*, за што приложува фотокопија од дипломи, незаверена кај нотар.

Во моментот е вработена како наставник по одделенска настава во Велес.

Во текот на своето обучување се стекнува со неколку квалификации кои се наведени: обучувач за општи менаџерски вештини, обучувач за справување со организациски конфликти, надворешен консултант по СКИТОП методологија.

Член е на Бугарската асоцијација на конфликтолози.

***Научна и стручна активност***

Научната и стручната активност на кандидатката д-р Еленица Софијанова ги опфаќа следниве научни и стручни трудови.

Објавени книги:

1. М-р Еленица Софијанова: „Управување со организациските конфликти", Bigoss, Струга, Скопје 2005 г.
2. М-р Еленица Софијанова: „Неконтролирана конфликтност во организациското однесување", Bigoss, Струга, Скопје 2005 г.

Учество на конференции:

- Научна конференција со меѓународно учество (Scientific conference with international participacion) „Производството и менаџментот во 21-от век", одржана во Охрид, Р. Македонија, 2004 година, со трудот: „*Извори на интергрупни конфликти како критични фактори за нестабилност и нефлексибилност*".
- Конференција–правната држава и реформите во јавната администрација „Реформи во административната култура" - Тетово, 2005 г.. Истражувачки центар за јавна администраија, ЈИЕ Универзитет.
- III International Conference "Management and Engeneering" Federation of The Scientifik and Tehnical Unions in Bulgarija, Софија, 20-24 јуни 2005, со трудот „*Управување со организациските конфликти*" (Menanging organizational conflicts).
- IV International Conference "Management and Engeneering '06", Созопол, 19-23 јуни 2006 год., со трудот „*Менаџерските и социолошките аспекти на диверсификацијата на менаџерскте стилови*" (Managerial and Sociological Aspects of the Devirsification in the Management Styles).
- VI меѓународна научна конференција за современи проблеми во теоријата и практиката во управувањето со претпријатијата во Варна, 2006 год., со трудот: „*Менаџирање со организациското однесување*" (Mananging with organization behavior).
- Учество во напредна обука „Консултански компетенции за организациски промени", Кочани, 2006 г., „Детра центар".
- Научен труд ("*New Aproach of management in organization conflict situation*"- „*Нов приод на менаџментот во организациските конфликтни ситуации*").12-13 април 2007 г., Рига, Литвија.
- VII International Conference "Managament and Engeneering '07", 17-24 јуни 2007 год, Созопол, Р. Бугарија, со трудот „*Диверсификација во менаџерските стилови*" (Diversification in the Mananging Styles).
- XVI International Scientific and Participal Conference, Enterprise management: Diagnostics, Strategy, Effectiveness, April 10-11th, 2008, Tallin, Estonia 2008, "Managerial readiness for differences within the organization".
- The 5th International scientific conference Business and Management 2008 "Icentification of basic readiness for changes in approach towards organizational conflicts".

***Професионални активности***

Во текот на нејзиното работење, кандидатката д-р Еленица Софијанова извршувала различни работни задачи, како што се:

– организатор и лидер на тимот Еко-hapening, Еколошко друштво „Бреза" Велес, 2001 г.;
– тренер-едукатор, Организациска дијагноза како прв чекор на промените, Средно техничко училиште „Коле Неделковски", Велес, 2003 г.;

- тренер-едукатор, Организациска дијагноза како прв чекор на промените, Средно техничко училиште „Јовче Тесличков“, Велес, 2003 г.;
- едукатор и организатор, „Децентрализација и локалната самоуправа“ Здружение на педагози и психолози, Врановци, Велес, 2003г.;
- тим-лидер едукатор, Синдикална едукација за стратегии за разрешување на конфликтни ситуации, СОНК, Скопје, 2004 г.;
- предавач, предавање за успешни лидери низ промените, ОУ „Благој Кирков“, Велес, 2004 г.;
- тренер-едукатор, Менаџирање со организациските конфликти и подготвување на стратегии за нивно разрешување, АОБ, едукативни семинари, Амстердам, Ротердам, Утрехт - Холандија, 2004 г.;
- тренер-едукатор, Справување со конфликтите: стратегија „победа-победа“ Велес, Совет на родители при УСО „Коле Неделковски“, 2004 г.;
- предавач по социологија, Проект: Преоден период III, Министерство за образование и наука на РМ, Скопје, 2005-2006 година;
- асистент, тим-лидер, Проект: Новите надлежности и можности на локалната самоуправа, НВО Организација, Битола, 2005 г.;
- предавач: Управување во основните и средните училишта - надлежности, права и одговорности на училишните одбори СЕА Национална социјализација на училишни одбори, Струга, 2006 г.;
- тренер-едукатор и организатор, Специјален дијалог - социјално партнерство: Водство - водач, следбеници - ситуација, Едукативен центар -СОНК, Велес, 2006 г.;
- консултант и предавач, Од идеја до трајни подобрувања (School Improvement) „Природа на промените“, „Детра центар“, Скопје, Велес, 2006 г.;
- предавач по социологија, Проект: Преоден период III, Завршен семинар, Министерство за образование и наука, Струга, 2006 г.;
- предавач „Управување со организациските конфликти“, Машински факултет, Скопје, 2006 г.;
- предавач „Разбирање на човековите права“, ЈЕИ Универзитет, Тетово, 2006 г.;
- предавач „Управување со организациските конфликти“, Машински факултет, Скопје, 2006 г.;
- предавач, Проект „Еднакви можности за децата Роми“, Институт отворено општество, Велес, 2006-2007 г.;
- обучувач, Проект - Модернизација во образованието „Развивање и менаџирање на поддржувачка и ефективна комуникација“, Министерство за образование и наука, Велес, 2008 г.

**Кандидат: д-р Маријан Стевановски**

***Биографски податоци***

Д-р Маријан Стевановски е роден на 29 октомври 1961 година во Куманово. Основно и средно образование завршува во Куманово, со одличен успех. Виша економска школа и Економски факултет завршува во Прилеп.

На 23.6.1999 година на Економскиот факултет во Скопје магистрира во областа на управување и раководење - менаџмент, на тема „*Изградба на компјутерски базиран информационен систем*“.

Неговата работна ангажираност започнува со работење на повеќе проекти од областа на менаџментот и информациските системи, во процесите на изработка со развој и имплементација на софтверско-апликативни елементи.

Од 1984 до 1994 година работи како раководител на Комерцијална служба во Медицинскиот центар во Куманово, а од 1994 до 2007 година како раководител на РЕ Заеднички служби во ЈЗУ Завод за здравствена заштита Куманово.

Истовремено во 1985 година основа школа за компјутери и странски јазици „Виртуал-М“ - Куманово, каде што работи хонорарно како предавач, вршејќи едукација на кадри од областа на менаџментот, оперативните системи, програмирање, деловен софтвер

и графичко дизајнирање. Во 2006 година се стекнува со диплома за овластен предавач и испитувач од областа на информациската технологија за сите степени кои се издаваат од Европската унија, (ECD start, ECDL core, ECDL advanced, ECDL expert, ECDL CAD).

Од 2005 хонорарно е ангажиран, а од 2007 година е во редовен работен однос како наставник на Меѓународниот славјански институт во Москва, филијала Македонија, по предметите Деловна информатика, Анализа на податоци на персонален компјутер со проектен менаџмент, Формирање на цени, Финансии, Информациони системи во економијата, Применета финансиска анализа, Финансиски менаџмент, Менаџирање со пари и кредити, Информатички можности на Интернет, каде истовремено е и продекан по настава.

Во 2007 година е добитник на „Ноемвриска награда“ во Општина Куманово. Во 2008 година докторира на Belford Univerzitet USA, во подрачјето на менаџмент на информациски системи, за што приложува официјален транскрипт за доктор на науки, насока Раководење со информационите системи (англиски и македонски), но сè уште нема доставено нострификација на дипломата.

На Европскиот универзитет во Скопје, во тек е подготовка на докторат од областа на маркетингот, со одобрена докторска теза „*Маркетинг на информациониот систем во процесот на донесување на маркетинг одлуки*“.

***Научна и стручна активност***

Научната и стручната активност на кандидатот д-р Маријан Стевановски ги опфаќа следниве научни и стручни трудови:

- магистерска теза „*Изградба на компјутерски базиран информационен систем*“;
- Прв конгрес на лекарите на превентивна медицина во Македонија со меѓународно учество, Охрид, 1998 година, тема „*Компјутерски информациони системи во превентивната здравствена заштита*“;
- Петнаесетти конгрес на лекари на Македонија, одржан во Охрид, 1999 год., тема „*Компјутерски мрежи во групи кај компјутерските базирани информациони системи во здравствените установи*“;
- издадена книга „*Компјутерски базирани информациони системи*“, 2000 год.;
- Петти конгрес на социјалната здравствена медицина со организација и економика во здравството со меѓународно учество, 2001 година во Сараево, тема "*Design of information system in the health instiution*";
- Втор конгрес на лекарите на превентивна медицина во Македонија со меѓународно учество, Охрид, 2002 година, тема „*Дигитален нервен систем - основа за управување во здравствената организација*“.
- „Лошињски дани биоетике“, Мали Лошињ, 2004 година, тема „*Биоетика и здравствени системи у транзицији*“;
- издадена книга „*Деловна информатика*“, 2005 (учебник на Меѓународниот славјански институт);
- Меѓународен конгрес по превентивна медицина, 4-7 октомври 2006 година, Охрид, тема „*Интегрален модул за економска оправданост и унапредување на заводите за здравствената заштита во Република Македонија*“;
- во 2007 година издадени книги за настава на Меѓународниот славјански институт, филијала Македонија;
- „*Деловна информатика*“, второ издание;
- „*Анализа на податоци на персонален компјутер со проектен софтвер*“;
- „*Формирање на цени*“;
- „*Финансии*“;
- „*Информациони системи на економијата*“;
- ECD (Европска комјутерска професионална лиценца), Меѓународен конгрес Опатија, септември 2007 година, тема „*ECD во Македонија, искуства и предлози за натамошен развој*“;
- докторска дисертација „*Информационен систем основа за донесување на деловни одлуки*“.

Забелешка: за наведените трудови, кандидатот нема доставено примероци, туку се само наброени.

***Професионални активности***

Во текот на своите обучувања, се стекна со:

- Сертификат од Европската унија за сите степени кои се издаваат во областа на информационата технологија (ECDL start, ECDL core, ECDL advanced, ECDL expert, ECDL CAD) и
- Сертификат од Belford University.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид научноистражувачкиот и стручниот опус на кандидатите: д-р Маргарита Матлиевска, д-р Еленица Софијанова и д-р Маријан Стевановски, Комисијата смета дека сите кандидати имаат постигнато забележителни резултати во своето научноистражувачко и работно искуство. Сите кандидати, со целосна комплетираност на потребната документација, ќе можат да се вклучат во наставно-образовните програми на нашиот Универзитет во наредниот период.

Но сепак, согласно со комплетираноста на потребната документација, наобразбата и работното искуство, како и потребата за изведување на настава од поширока област на менаџметот во која група припаѓаат и предметите: Економијата на животната средина и Здравствена екологија и медицина на трудот, Рецензентската комисија ѝ дава предност на кандидатката доцент д-р Маргарита Матлиевска.

Досегашното работно искуство на доцент д-р Матлиевска опфаќа конкретен ангажман во процесите на менаџирање во сите фази, почнувајќи од планирање, донесување на одлуки, практична примена и контрола врз спроведувањето, како и менаџментот на одржливиот развој и животната средина, дава можност за успешно изведување на наставата на наведената група на предмети од областа на менаџментот и економијата на животната средина.

Врз основа на досегашните научни и стручни потенцијали, презентирани во нејзината докторска дисертација, објавените трудови од сферата на менаџментот и стратешкиот менаџмент, менаџментот на одржливиот развој, екологијата и економијата на животната средина, како и искуството како предавач на два факултета и раководен кадар во државна институција од областа на менаџментот на одржлив развој, дополнето со нејзините задолженија како менаџер и координатор на бројни проекти, Рецензентската комисија му предложува на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да ја избере **доц. д-р Маргарита Матлиевска** за **наставник** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип по предметот ***Менаџмент,*** во звање доцент.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Трајче Мицески, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Милан Илиески, член, с.р.**

**Доц. д-р Круме Николоски, член, с.р.**